17

ДО
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Сектор за правни работи
Одделение за правни работи, застапување и управна постапка
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА - DREJTORIA E DOGANAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 29-06-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësi. Organ. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 02-[redacted] | | /20- | 0001 |

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] Скопје, тел. за комуникација [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според Извештај за работата на Царинската управа во 2018 година, во 2018 година во Царинската управа се донесени: 2 решенија за престанок на работен однос; 2 решенија за парична казна од 15% од месечна нето-плата во траење од 1 месец; 1 решение за парична казна од 15% од месечна нето-плата во траење од 2 месеци; 9 решенија за парична од 15% од месечна нето-плата во траење од 3 месеци; 3 решенија за парична казна од 15% од месечна нето-плата во траење од 4 месеци; 4 решенија за парична од 15% од месечна нето-плата во траење од 5 месеци и 3 решенија за парична казна од 15% од месечна нето-плата во траење од 6 месеци и 3 решенија со кои предлогот за поведување на се одбива како неоснован, а постапката се запира.

Ви се обраќам со барање за информација:

- во 2017 и 2016 година колку се донесени решенија во Царинската управа за: престанок на работен однос, парична казна;
- кои се најчестите причини за изречените дисциплински мерки во 2016, 2017 и 2018 година, и дали вработениот на кој му е изречена дисциплинската мерка е со статус на царински службеник, државен службеник или работник;
- дали против решенија со кои се изречени дисциплинските мерки во 2016, 2017 и 2018 година се поведени судски постапки и во кој број. Доколку се поведени судски постапки, колку од нив се завршени со одбиено тужбените барањана вработениот; колку од нив се завршени со уважено тужбените барања на вработениот и е поништено решението за дисциплинска мерка;
- кои се најчестите причини поради кои во судска постапка се поништени решенијата за изречена дисциплинска мерка во 2016, 2017 и 2018 година;
- дали по правосилните одлуки со кои е поништено решението за враќање на работа и има задолжение за враќање на работа Царинската управа ги спроведува.

[redacted]

[redacted]

Како магистрант на Правниот факултет "Јустинијан Први' во Скопје, насока Управно право и јавна администрација, заради научно истражувачка работа со предмет „Дисциплинска одговорност на административните службеници". Ви се обраќам со барање за горенаведените податоци.

Податоците исклучиво се потребни и ќе бидат користени за научни цели.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација: **во писмена форма.**

Потпис

Во Скопје, 27.06.2020 година

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Архивски знак:
Shenja arkivore: ____________
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____________
______20____ година viti   Потпис Nënshkrimi ____________

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- ЦАРИНСКА УПРАВА -
Централна управа

До: [redacted]
Бул. „ [redacted]
Скопје [redacted]
Предмет: Одговор на барање
Врска : 04-0[redacted]

Почитувана,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер број 02-034591/20-0001 од 29.06.2020 година ви ги доставуваме следните податоци:

- Во текот на 2016 година донесени се вкупно 19 решенија за утврдување на дисциплинска одговорност со изречена мерка парична казна. Сите донесени решенија за утврдување на дисциплинска одговорност се однесуваат за вработени со статус царински службеници.

Најчесто причина за изречените дисциплински мерки е начинот на спроведување на царинската постапка, начиот на спроведување на прекршочната постапка , начинот на извршени контроли на патнички моторни возила, начинот на постапување на комисија за јавна набавка при спроведување на јавна набавка и непочитување на Правилата за ред и дисциплина и Кодексот на однесување на царинските службеници.

За изречените дисциплински мерки за сторена дисциплинска повреда во текот на 2016 година, пред Основен суд, поднесена е 1 (една) тужба за поништување на решение за изрекување на дисциплинска мерка парична казна, која судот ја одби како неоснована, по поднесена жалба од тужителот, од страна на Апелациониот суд Скопје, истата е одбиена и е потврдена првостепената одлука. Предметот правосилно заврши во корист на Царинската управа.

- Во текот на 2017 година донесени се вкупно 18 решенија за утврдување на дисциплинска одговорност од кои 17 решенија се за утврдување на дисциплинска одговорност со изречена мерка парична казна а 1 решение за утврдување на дисциплинска одговорност со изречена мерка престанок на

работен однос. Од вкупно 18 донесени решенија за утврдување на дисциплинска одговорност 17 се однесуваат за вработени со статус царински службеници и 1 за вработен со статус работник .

Најчесто причина за изречените дисциплински мерки е постапување спротивно на одредби од Упатството за царинење на стока, Уптаството за царинска вредност непочитување на Правилата за ред и дисциплина и Кодексот на однесување на царинските службеници и др. [redacted]

За изречените дисциплински мерки за сторена дисциплинска повреда во текот на 2017 година, пред Основен суд, поднесена се 2 (две) тужби од кои 1 (една) тужба за поништување на решение за изрекување на дисциплинска мерка парична казна, која судот ја усвои , по поднесена жалба на Царинската управа, Апелациониот суд Скопје се уште нема одлучено.
Втората тужба е исто така за поништување на решение за изрекување на дисциплинска мерка парична казна, која основниот суд ја отфрли како ненавремена, поднесента жалба од тужителот, по поднесена жалба од тужителот, од страна на Апелациониот суд Скопје, истата е одбиена и е потврдена првостепената одлука. Предметот правосилно заврши во корист на Царинската управа.

За изречените дисциплински мерки за сторена дисциплинска повреда во текот на 2018 година, пред Основен суд, поднесена се 2 (две) тужби од кои 1 (една) за за поништување на решение за изрекување на дисциплинска мерка парична казна и 1 (една) за поништување на решение за изрекување на дисциплинска мерка престанок на работен однос. Заведените судски постапки по овие две тужби се во постапка на одлучување од страна на основните судови.

Со почит,

[redacted]
Директор

Архивски број: [redacted]20-0002
Скопје,21.07.2020 година
01.10.00.УП.001.06-ОБ.06.06

21 07 2020

Изработил: [redacted]

...ство за финансии
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015